РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 03-16/1
04.01 20. 23 год.
Василево

Василево, 2411 Василево
Тел. 034/354-444
Фах. 034/353-007

**Општина Василево**

**E-mail: opstina_vasilevo@yahoo.co.uk**
**gradonacalnik@opstinavasilevo.gov.mk**
**www.opstinavasilevo.gov.mk**

Врз основа на член 29 од Законот за данок на имот( СЛ. Весник на РМ бр. 61/2004, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13 ,154/15, 23/16, 151/21) општина Василево објавува

**ЈАВНА ПОКАНА**

За поднесување на даночна пријава за утврдување на данок на имот за 2023 година

Даночна пријава за утврдување на данок на имот за 2023 година ( образец ДИ), поднесува даночен обврзник (правно и физичко лице), сопственик, корисник или плодоужибател настанбени објекти, административни згради и деловни простории кои служат за вршење на дејноста на обврзникот и сите други објекти во сите населени места вклучувајќи ги и оние од ридско-планинските подрачја. Од 01.01.20008 година имаат обврска за поднесубање на даночна пријава за имот и за оној имот кој досега бил ослободен од одредбите на досегашниот Закон.

**ОБВРЗНИЦИ НА ДАНОК НА ИМОТ СЕ:**

- Правни и физички лица, сопственици на имот;
- Правни и физички лица, корисници на имот во случаи кога сопственикот не е познат или не е достапен;
- Плодоужувател на имот, согласно Законот;
- Ако имотот е сопственост на поврќе лица, секој од нив е сопственик на данок на имот сразмерно на сопственичкиот дел;
- Правни и физички лица кои дополнително се стекнале со имот во текотна претходни години, а не го пријавиле;
- Имотот на кој настанале промени во вредноста (изградба, доградба, довршување, проширување).

**НАПОМЕНА**

- Даночен обврзник кој поднел даночна пријава за данок на имот во 1994 година или во наредните години, а кај кого нема промена во сопственоста или вредноста на имотот, не поднесува даночна пријава;
- За неподнесување даночна пријава, даночниот обврзник ќе се казни со парична казна согласно Законот за данок на имот;
- Проверјка на терен како и точноста на сите досега пријавени податоци ќе ги врши даночен инспектор.
- Даночната пријава се поднесува во Одделението за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци во Општина Василево

Изготвил
Сонља Иванова

Општина Василево
Градоначалник,
Славе Андонов